АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 15.12.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 4553 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден надзор реализиран по Укажување;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот:** 20 ноември 2020 година, Вести во 17:30 часот

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 декември 2020 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (посебни забрани – поттикнување и ширење омраза врз основа на национална или етничка припадност)

   – **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста);

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор извршен, по добиено Укажување, врз програмскиот сервис на Трговско радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово, емитуван на 20 ноември 2020 година, на регионално ниво, односно врз прилог од Вестите во 17:30 часот, **не е констатирано прекршување на членот 48** (поттикнување и ширење омраза врз основа на национална или етничка припадност) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, **на кој се однесуваше Укажувањето, но е констатирано прекршување на членот 61 став 1, односно на начелата** за: "еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот" (алинеја 2), за „поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло" (алинеја 3) и за „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања" (алинеја 9).

Во Укажувањето, испратено од граѓанин, се наведува дека на „ТВ Коха Тетово во информативна емисија на 20.11.2020 со почеток во 17:30 часот се емитуваше изјава од соговорник спротивно на член [48, забрана за емитување содржини насочени кон разгорување национална омраза и нетрпеливост]... Соговорникот користеше навредливи изрази за македонската етничка заедница како Словени и слично".

Со анализата на Вестите беше утврдено дека соговорник којшто во својата изјава користи изрази „славјански" и „Славјани" се среќава во прилогот „Во Тетово со факти се отсликува грабежот на ЕВН кон граѓаните" во којшто се известува за протест против поскапување на електричната енергија, односно за високи сметки за струја што ги добиле граѓани (17:39:29 – 17:44:43).

Транскрипт од анализираниот прилог:

*„**Презентерка на вести** - Организациskиот совет на протестите против поскапување на електричната енергија, во продолжение на нивните активности, во петок напладне ја организираше следната изложба каде на мета беше ЕВН. Во оваа прилика беа поставени два големи транспаренти на кои беа прикачени фактури со астрономски суми од компании рекетари, велат организаторите на оваа изложба. Целта на изложбата е да се отслика направениот криминал од ЕВН, поточно кражбата и рекетирањето што ЕВН им го прави на корисниците Албанци.*

***Новинар, автор на прилогот** - Организацискиот совет на организација на протести против поскапување на електричната енергија, денес реализираше симболична акција со поставување на два транспаренти на оградата на мостот на реката Шкумбин кај џамијата Паша, каде се претставени некои сметки за електрична енергија кои, според Кренар Османи од Организацискиот совет, јасно го отсликуват грабежот на ЕВН кон граѓаните.*

***Изјава на Кренар Османи** - „Ова е само слика на криминалот на ЕВН, да кажам на поуметнички начин, малку побогат со идеи за одраз на криминалот на ЕВН, кражбата на ЕВН, т.е. грабежот што ЕВН го прави во албански куќи. Гледате тука имате четири типа сметки, односно има куќи што жителите на таа куќа од тоа семејство ги нема, а добиваат месечна сметка од 4, 5, 6 илјади денари. Има куќи што се греат на дрва, пелети или гас или на друг начин, и повторно сметката во текот на зимата доаѓа на 12, 13, 14 илјади денари. Исто има и сметка за време на летото, доцна пролет или рана есен, каде нивната сума достигнува 12, 13, 15, 18 илјади денари. Ќе видите дека вакви сметки нема во Источна Македонија или кај Славјаните што живеат овде. Ова е тоа што велиме, уделот на Славјаните го плаќаме ние Албанците. Вакви проблеми имаме само во нашиот дел, албанскиот дел, и не случајно Заев, СДСМ и Владата, веќе 4 месеци по ред не нè слушаат нас и ова е наша 16-та активност по ред".*

***Новинар, автор на прилогот** - Османи информира дека се подготвува, поточно се финализира нацрт-законот кој ги вклучува барањата на граѓаните во врска со цената на електричната енергија што се очекува да влезе во Собрание, веднаш штом тоа ќе започне со работа. Сепак, Османи изјави дека македонските партии не се спремни да го поддржат овој нацрт-закон.*

***Изјава на Кренар Османи** - „Подготвуваме, речиси го финализираме еден нацрт-закон, но во моментот Собранието е блокирано поради некои пратеници кои се со Ковид-19, така што Собранието во моментот, 3-4 недели ќе биде нефункционално. Ние го финализираме нацрт-законот, тој ќе влезе во Собрание на дневен ред, но не гледаме волја на славјанските партии да имаат разбирање за нашите барања, ако сум во право ова е наша 16-та активност по ред. За учениците со еден протест беше постигнат компромис, со пожарникарите се постигна договор, со лозарите се постигна договор со еден протест. Тука не можат да најдат разбирање, време и волја да седнеме и*

*да преговараме за овие барања, овие се со животно значење. Не може 50-60 % од семејниот буџет да оди во ЕВН, ова е кривично дело, ова е кражба, ова е изнуда".*

***Новинар, автор на прилогот** - Од Организацискиот совет на организација на протести за изразување на незадоволство против поскапување на електричната енергија, подвлекоа дека досега по сите тие протести и други активности, Владата и Регулаторната комисија за енергетика (РКЕ) имаат разбирање само да го намалат ДДВ-то за електрична енергија, но досега и ова не е реализирано.*

***Изјава на Кренар Османи** - „Слушнавме од медиумите и во нивните прес-конференции се споменуваше дека едно од нашите барања е да се намали ДДВ-то на струјата од 18 на 5%, имавме две-три изјави и од премиерот Заев и од претседателот на РКЕ, Регулаторната комисија за енергетика, Бислимовски, дека ќе има разбирање за намалување на ДДВ од 18 на 5% за електрична енергија, но досега тоа не е реализирано.*

***Новинар, автор на прилогот** - Организацискиот совет на организација против поскапување на електричната енергија на денешната активност потенцираше дека немаат намера да застанат тука, туку ќе продолжат со протести, блокади и разни активности до реализација на нивните барања".*

Членот 48 (посебни забрани) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, меѓу другото пропишува дека „Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои ... се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на ... национална или етничка припадност".

Соговорникот во прилогот, во изјавата во која говори за висината на сметките за електрична енергија што ги плаќаат некои од граѓаните на Тетово вели: „...вакви сметки нема во Источна Македонија или кај Славјаните што живеат овде. Ова е тоа што велиме, уделот на Славјаните го плаќаме ние Албанците. Вакви проблеми имаме само во нашиот дел, албанскиот дел..." Во втората изјава, во која говори за тоа што прават институциите и партиите за надминувањето на состојбата со високите сметки, тој вели „...не гледаме волја на славјанските партии да имаат разбирање за нашите барања...". Во анализата се наметна прашањето дали под поимите „Славјани" и „славјански", соговорникот мисли конкретно на Македонците или на припадниците на различните нации од словенско потекло кои живеат во Тетово и во Источна Македонија. Контекстот за надминување на дилемата што се подразбира под термините „Славјани" и „славјански" го дава новинарот-автор на прилогот, кој вели: „...Сепак, Османи изјави дека <u>македонските партии</u> не се спремни да го поддржат овој нацрт-закон...". Дополнително, во најавата за прилогот од презентерката на вестите се вели „Целта на изложбата е да се отслика направениот криминал од ЕВН, поточно кражбата и рекетирањето што ЕВН им го прави на <u>корисниците Албанци</u>".

Како што е посочено погоре, членот 48 од ЗААВМУ забранува да се поттикнува и да се шири нетрпеливост и омраза врз основа на национална или етничка припадност (меѓу другото). **Во прилогот не може да се посочат елементи со кои недвосмислено се поттикнува и шири омраза кон Македонците, па оттаму не може да се констатира прекршување на посебните забрани од член 48.**

Меѓутоа, во членот 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во став 1 се наведени начелата што медиумите треба да ги почитуваат при вршењето на својата дејност, меѓу кои се наоѓаат и: начелото за "еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот" (алинеја 2), потоа начелото за „поттикнување на духот на толеранцијата,

заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло“ (алинеја 3) како и дека радиодифузерите при известувањето треба да го почитуваат начелото за „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања“ (алинеја 9).

ТВ Коха, во прилогот ја пренесува изјавата на соговорникот дека „...вакви сметки нема во Источна Македонија или кај Славјаните што живеат овде. Ова е тоа што велиме, уделот на Славјаните го плаќаме ние Албанците. Вакви проблеми имаме само во нашиот дел, албанскиот дел...“ како да е факт. Исто така, презентерката на вестите, во најавата за прилогот, посочува дека станува збор за „кражбата и рекетирањето што ЕВН им го прави на корисниците Албанци“.

Медиумот/новинарот, не прави обид да пренесе дополнителни информации за тоа дали навистина високи сметки за електрична енергија плаќаат само етничките Албанци, односно дали од високата цена на струјата се погодени само тие.

Со едноставна проверка на информации објавени во медиуми последните неколку месеци, може да се утврди дека во август 2020 година, три пати (на 6 август, на 14 август и на 21 август) имало протести поради поскапување на електричната енергија кои се одржале во повеќе градови и за кои било известувано[1]. На 14 август 2020 година од протестите во Скопје, меѓу другото, се пренесува дека во повикот на организаторите стои: „Да се обединиме, Македонци, Албанци, Роми, Турци и останати, да се обединиме и да се спротивставиме! Да не им дозволиме да им помине поскапувањето на струјата“.[2] Од протестите во Гостивар, е пренесена изјава од организаторите во која се вели: „’Кастриоти’ како навивачка група ја започнаа оваа иницијатива сами, но сега имаме потреба заедно со граѓаните на Гостивар да формираме Организациски одбор кој ќе се занимава со локалните проблеми поврзани со електричната енергија“, по што се осудува инцидент кој претходната вечер се случил во Тетово, при кој биле запалени две возила на ЕВН, и се завршува со зборовите: „Апелираме до граѓаните дека насилството не е решение, туку масовноста на протестите... Се солидаризираме со граѓаните на кои им поскапе струјата во време на пандемија“ (наше подвлечено).[3]

Од овде произлегува дека ТВ Коха донела уредничка одлука едно социо-економско прашање, кое засега поголем број граѓани на РС Македонија, да им го претстави на своите гледачи врамено како неправда заснована на национална/етничка припадност. Ова го прави на тој начин што ја пренесува изјавата на соговорникот во прилогот, во која тој дава јасен етнички предзнак на проблемот со високите сметки за електрична енергија. Притоа, медиумот не обезбедува информации со кои би го потврдил или оспорил ваквото тврдење на соговорникот, вклучувајќи ги тука и јавно достапните информации за слични протести во кои немало етнички предзнак или барање информации од ЕВН или од други граѓани. Со употребата на изразот „македонски партии“, самиот новинар-автор на прилогот го поистоветува терминот славјански со македонски, а презентерката, во најавата за прилогот, лоцира дека проблемот им се случува

---

[1] На пример, на 7 август: *Протести и блокади против цената на струјата* на Радио МОФ, достапно на: https://www.radiomof.mk/vo-nekolku-gradovi-sinokja-odrzhani-protesti-protiv-poskapuvanjeto-na-strujata/; на 14 август: *Протести против поскапување на струјата пред Влада*, на Радио Слободна Европа, достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/30784366.html; на 21 август: *Протести против поскапувањето на струјата во цела земја* на ТВ Нова, достапно на: https://novatv.mk/protesti-protiv-poskapuvaneto-na-strujata-vo-tsela-zemja/

[2] *Протест против поскапувањето на струјата во Скопје*, 14 август на МИА, достапно на: https://mia.mk/protest-protiv-poskapuva-eto-na-stru-ata-vo-skop-e/

[3] *Протест пред седиштето на ЕВН во Гостивар*, 14 август на МИА, достапно на: https://mia.mk/protest-pred-sedishteto-na-evn-vo-gostivar/

на „корисниците Албанци“ со што се зацврстува контекстот на национална/етничка неправда на прилогот. Оттаму, медиумот на своите гледачи им го претставува проблемот како етнички обоен, односно како неправда кон Албанците наспроти другите (во конкретниов случај наспроти Македонците). Со ова, ТВ Коха постапила спротивно на начелата за “еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот“, за „поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло“ и за „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања“.

## 8. Опис на прекршувањето:

ТВ Коха, во прилогот „Во Тетово со факти се отсликува грабежот на ЕВН кон граѓаните“, емитуван во Вестите во 17:30 часот на 20 ноември 2020 година, којшто се однесува на протест против поскапување на електричната енергија, односно на високи сметки за струја што ги добиле граѓани, донела уредничка одлука за едно социо-економско прашање кое ги засега граѓаните на РС Македонија да извести врамувајќи го во контекст на неправда врз основа на национална/етничка припадност.

Медиумот ја пренесува изјавата на соговорникот во прилогот, во која тој дава јасен етнички предзнак на проблемот со високите сметки за електрична енергија, односно тврди дека од овој проблем се погодени само Албанците, а не и „Славјаните“ во Источна Македонија и Тетово, односно дека Албанците го плаќаат „уделот“ на Славјаните, а „славјанските партии“ немаат слух за решавање на проблемот, без да обезбеди информации со кои би го потврдил или оспорил ваквото тврдење на соговорникот, било од ЕВН, било од граѓани од други етнички заедници, било од јавно достапните информации за слични протести во кои немало етнички предзнак.

Дополнително, самиот новинар-автор на прилогот со употребата на изразот „македонски партии“ ги поистоветува термините славјански и македонски, а презентерката, во најавата за прилогот, посочува дека проблемот им се случува на „корисниците Албанци“ со што се зацврстува контекстот на национална/етничка неправда на прилогот.

Оттаму, медиумот на своите гледачи им го претставува проблемот како етнички обоен, односно како неправда кон Албанците наспроти другите (во конкретниов случај, наспроти Македонците). Со ова, ТВ Коха постапила спротивно на начелата за вршење на дејноста, од **членот 61 став 1 алинеи 2, 3 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно констатирано е прекршување на начелата за: “еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот“ (алинеја 2), за „поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло“ (алинеја 3) и за „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања“ (алинеја 9).**

## 9. Предлог мерка:

Во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор бр. 01-3905/1 од 23.07.2014 година, Советот на Агенцијата да го прифати извештајот од надзорот и да донесе заклучок на Трговско радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово, писмено да му се укаже за констатираното прекршување на член 61 став 1 алинеи 2, 3 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за програмски работи***